**20202413091**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 4 став (8) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СЛЕДЕЊЕТО НА НАСТАВАТА, ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТИТЕ ЗА ПЕДАГОШКО - ПСИХОЛОШКА И МЕТОДСКА ПОДГОТОВКА, КАКО И НАЧИНОТ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко - психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи.

Член 2

Кандидатот се запишува за следење на наставата и полагањето на испитите за педагошко-психолошка и методска подготовка во месец февруари, односно во месец септември.

Наставата и практичната настава се реализираат во текот на еден семестар.

За реализираната настава и практична настава кандидатот води дневник.

Член 3

Пред полагањето на задолжителните и изборните предмети за педагошко-психолошка и методска подготовка кандидатот изведува најмалку 45 дена практична настава во основно, односно средно училиште со вкупно 45 наставни часа.

Член 4

Практичната настава се состои од следење на наставата на соодветните наставни предмети, како и запознавање со животот во училиштето и учество во реализацијата на активностите кои се одвиваат во него.

Во практичната настава кандидатот следи и реализира настава преку критички осврти на набљудувани наставни часови и со самостојно реализирани наставни часови под надзор на наставникот ментор во училиштето.

По завршувањето на практичната настава кандидатот се стекнува со седум кредити според Европски кредит трансфер систем (ЕКТС).

Член 5

По завршувањето на наставата и практичната настава кандидатот полага испити за педагошко-психолошка и методска подготовка и тоа за пет предмети од кои три предмети се задолжителни, а два предмети се изборни.

Трите задолжителни предмети се: Педагогија, Психологија и Методика, кои кандидатот ги полага во месец мај, односно во месец декември.

Бројот на наставните часови за предметите од став 2 на овој член е по 75 часа и по 75 часа за останатите активности предвидени во програмите за задолжителните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка.

За секој положен испит од задолжителните предмети кандидатот се стекнува со пет кредити според ЕКТС.

За да се полагаат предметите Педагогија и Психологија претходно треба да е положен предметот Методика.

Два изборни предмети кандидатот избира од следните изборни предмети: Училишна докимологија, Училишна организација, Етика во образованието, Методика на воспитна работа, Педагошка комуникација, Инклузивно образование и Интеркултурно и мултикултурно образование.

Бројот на наставните часови за предметите од став 6 на овој член е по 60 часа и и по 60 часа за останатите активности предвидени во програмите за изборните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка.

За секој положен испит од изборните предмети кандидатот се стекнува со по четири кредити според ЕКТС.

Член 6

По завршувањето на полагањето на испитите за педагошко- психолошка и методска подготовка од страна на високообразовната установа на кандидатот му се издава сертификат, согласно Законот за високото образование.

Сертификатот од став 1 на овој член содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати од учењето.

Член 7

Високообразованата установа, до Министерството за образование и наука доставува барање за акредитација за настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска.

Кон барањето за акредитација високообразовната установа доставува: програми за задолжителните и изборните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка, влезните критериуми за запишување, краток опис на соодветно опремени простории со наставни помагала за современа реализација на програмите, список на наставно-научниот кадар кој ќе врши настава за реализација на програмите и висина на надоместокот за за следање на наставата и полагањето на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска.

Програмите за задолжителните и изборните предмети за педагошко - психолошка и методска подготовка содржат: цели на програмата со резултати од учењето согласно Националната рамка на квалификации, содржина на програмата, методи на учење, форми на наставните активности, други форми на активности, начин на оценување, критериуми за оценување, јазик на кој се изведува наставата, метод на следење на квалитетот на наставата и литература.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко - психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи бр. 19-2850/3 од 21.03.2014 година и бр. 19-2850/5 од 08.04.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/14 и 62/14) и Правилникот за начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко - психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи бр. 19-2850/4 од 21.03.2014 година и бр. 19-2850/6 од 08.04.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/14 и 62/14).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-10437/1
5 октомври 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.